**ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА**

**Запишување во балетското училиште**

Запишувањето на нови ученици во Bullfrogs Ballet School се врши преку аудиција, за да се одреди во кое ниво ученикот треба да посетува настава.
**За учениците кои се веќе запишани, прераспределбата во групи се прави според достигнатото знаење во претходната година.**
**Аплицирање вршат сите ученици, електронски, во одреден рок, за да направат резервација на местото на ученикот со пополнување на онлајн формулар на**
**Секој родител задолжително треба потпише договор за запишување на почетокот на првиот час на своето дете, за да го финализира уписот во училиштето.**
**Со потпишување на договорот за запишување согласни сте за почитување на овој правилник на работа.**

Секој ученик може да биде отпишан во било кое време од тековната година со потпишување на договор за отпишување. Ученикот се смета за запишан се додека не биде потпишан договор за отпишување. Месечниот надомест за часовите за балетска уметност за секој ученик се пресметува се додека не се изврши договор за отпишување.

**Месечен надомест за часовите за балетска уметност**

За балетските часови за кои се склучува договор за упис, родителот/старателот на ученикот е должен **за цело времетраење на договорот да исплаќа месечен паричен надомест на училиштето, предвиден во договорот, зависно во кое ниво, програма и предвидена школарина за тековната година каде ученикот посетува настава.**

**Доколку родителот/старателот на ученикот го извести овластеното лице на училиштето дека ученикот би отсуствувал од сите закажани редовни часови во тековниот месец, истиот е должен да уплати половина од определениот месечен надомест за часови.**
**Во секој друг случај, како и во случај на присуство на само дел од редовните часови во тековниот месец родителот/старателот на детето е должен да го уплати целиот износ.**

Паричниот надомест родителот/старателот на ученикот е должен да го уплати **најдоцна до 10-тиот ден во тековниот месец.** Училиштето издава фактури за тековниот месец и уплатата се врши исклучиво преку електронски пат. **Фактурите се испраќаат по електронска пошта до 3-тиот ден во тековниот месец.** Доколку испратите барање за издавање на фактура во печена форма, училиштето ќе Ви го овозможи истото. Горенаведениот износ се однесува за месечната работа на училиштето.

**Период на настава**

Со потпишувањето на договорот и пополнување на онлајн формуларот за регистрација, родителот го запишува детето во програмата предвидена за него во соодветното ниво кое го одредило училиштето по посета на демо часот.

Спроведувањето на програмата ќе се изведува во два семестри. Првиот семестар започнува од 01 септември до 31 јануари секоја тековна година. Вториот семестар започнува од 01 февруари и трае до 15 јуни секоја тековна година. Буллфрогс Продуцтион во месец мај ги обработува часовите од втората половина на месец јуни, како би можел вториот семестар да се затвори на 15 јуни. Овие часови се обработуваат со цел целосно да биде реализирана програмата во времетраење од 10 месеци. Во правилникот кој го добивате во прилог на овој договор, се наведени точните датуми за обработување на наставата. Агендата за точното време на обработка на часовите во месец мај, родителот ја добива по електронски пат, најдоцна до 01.04 во тековната година. Доколку, родителот не го извести училиштето, дека ученикот нема да ги

посетува часовите во месец мај (за месец јуни) пред почетокот на тековниот месец, училиштето ќе смета дека ученикот ќе биде присутен и истото ќе го наплати по редовната цена за месечниот надомест.

**<u>Датуми за обработување на четири часа (15.06-30.06) се:</u>**

1. Прв час на 09.05.2019
2. Втор час на 16.05.2019
3. Трет час на 23.05.2019
4. Четврти час на 30.06.2019

Времето кога ќе се одржат овие дополнителни часови се утврдува 1 месец пред реализирањето.

**<u>Комуникација со родители</u>**
**Комуникацијата со родителите се одвива исклучиво преку електронска пошта.** Секој родител еднаш месечно (на последниот час од месецот) може да присуствува на часот за да го проследи прогресот на своето дете. Дополнителни кратки информации можете да добиете и на некои од нашите телефони 070 221790 и 02 3080325. Приемен ден за состанок со педагозите можете да закажете по електронски пат.

**<u>Годишни балетски концерти</u>**
На крајот на секоја учебна година Bullfrogs Ballet School изведува годишен балетски концерт, а во текот на годината се исполнува репертоар на постоечките претстави.
**Учеството во балетските концерти не е задолжително.** Аплицирањето за учество во годишниот балетски рецитал е преку пополнување на онлајн апликација, која се испраќа до учениците најмалку 4 месеци пред премиерното изведување.
Костимите за балетските концерти не се финансирани од училиштето.
Редовноста на пробите за балетските концерти се од исклучителна важност бидејќи на овие проби се работи на дополнително музичко и техничко изедначување на учениците во кореографиите.
Периодот на одвивање на ваквите проби е околу 2 месеци, а пред започнување на истите секој ученик добива распоред на пробите кој треба да се почитува. Препорачуваме максимум отсуство од една проба за оние ученици кои го потврдиле своето учество во претставите.
**Доколку ученикот не ги посетува пробите и редовните часови, или пак има прекумерни отсуства, неговото учество во претставата ќе биде со помал интензитет,** зависно од присуството на редовните часови и закажаните проби. Учеството на ученикот е загарантирано доколку се придржувате на горенаведените правила.

**<u>Балетски претстави и редовност на проби за истите</u>**
**Балетските претстави кои се под наша продукција и може да се подготвуваат/изведуваат низ текот на целата учебна година, се прават исклучиво со аудиција.** Улогите и учеството на учениците во овие претстави е според нивото на знаење кое го поседуваат.
**Редовноста на пробите за балетските претстави е од исклучителна важност бидејќи на овие проби се работи на дополнително музичко и техничко изедначување на учениците во кореографиите.** Периодот на одвивање на ваквите проби е околу 2 месеци, а пред започнување на истите секој ученик добива распоред на пробите кој треба да се почитува. Препорачуваме максимум отсуство од една проба за оние ученици кои го потврдиле своето учество во претставите.
**Доколку ученикот не ги посетува пробите, или пак има прекумерни отсуства, ќе биде исклучен од проектот.** Учеството на ученикот е загарантирано доколку се придржувате на горенаведените правила.

**<u>Опрема</u>**

За време на часовите по балет задолжително треба да се носи балетско трико, хулахопки во бела боја без апликации, меки балетски патики или шпиц патики. Целосната опрема се набавува во Bullfrogs Ballet School.

За секоја група е предвидена различна боја на балетско трико, бидејќи учениците се униформирани.

За подетални информации за чинењето на опремата и ББ Колекцијата кликнете <u>ТУКА</u>

**<u>Коса</u>**

Косата задолжително треба да биде собрана во пунџа со укосници и шноли, кои можете да ги набавите во училиштето. Доколку имате потреба, во нашето училиште можете да посетите и обука.